# Известување за приватност

## 1. Вовед

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци врз основа на Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр. 42 од 16.02.2020). Информациите во прилог на ова Известување се согласно членот 17 од Законот за заштита на личните податоци.

## 2. Кои лични податоци ги собираме од вас?

НЕОТЕЛ ДОО Скопје е контролор на личните податоци, кои Вие (како субјект на лични податоци) ни ги давате. Ние ги обработуваме следниве видови на лични податоци добиени од Вас:

- Име
- Презиме
- Адреса од лична карта
- Број на лична карта
- ЕМБГ
- Телефонски број
- Електронска адреса
- Адреса на инсталација

## 3. Како ги собираме вашите лични податоци?

Вие директно ни ги давате личните податоци кои ги собираме. Ние ги собираме податоците и ги обработуваме кога Вие директно и своеволно ни ги давате Вашите лични податоци при пополнување на барање за склучување на претплатнички договор За која цел ги собираме Вашите лични податоци?

Нам ни се потребни Вашите лични податоци за следните цели:

- Склучување на претплатнички договор (за обезбедување на телефонска, интернет или ТВ услуга)
- Развој и одржување на апликации во врска со Нео ТВ (интерни апликации)
- Логови од апликации
- Изготвување на месечни фактури за крајни корисници
- Архивирање на влезна и излезна документација на НЕОТЕЛ
- Задолжување на корисници со опрема за користење на услуга
- Наплата на заостанати долгови
- Инсталација и одржување на интернет услуга
- Реализација на услуга и лоцирање на корисник
- Комуникација (преписка) со државни институции

## 4. Како ќе ги користиме Вашите лични податоци?

Вашите лични податоци, освен од НЕОТЕЛ ДОО Скопје, не се обработуваат од трети страни. Хостирањето и чувањето на Вашите лични податоци се одвива во НЕОТЕЛ ДОО Скопје кое е лоцирано во Република Северна Македонија. Ниедна трета страна нема пристап до Вашите лични податоци, освен во случај на специфично законско барање.

## 5. Законски основи

Законски основи основи за обработка на личните податоци се:

- Склучување на претплатнички договор – Исполнување на договор (за обезбедување на телефонска, интернет или ТВ услуга)
- Развој и одржување на апликации во врска со Нео ТВ – Исполнување на договор (интерни апликации)
- Логови од апликации – Легитимен интерес
- Изготвување на месечни фактури за крајни корисници – Исполнување на договор
- Архивирање на влезна и излезна документација на НЕОТЕЛ - Законска обврска
- Задолжување на корисници со опрема за користење на услуга – Исполнување на договор
- Наплата на заостанати долгови – Законска и договорна обврска
- Инсталација и одржување на интернет услуга – Исполнување на договор
- Реализација на услуга и лоцирање на корисник – Исполнување на договор и закон?
- Комуникација (преписка) со државни институции – Законска обврска

Кога како законски основ за обработка на вашите податоци е наведен легитимниот интерес, вие имате право на приговор на оваа обработка.

## 6. Колку долго ги чуваме Вашите лични податоци?

Согласно интерните прописи на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, обврзани сме да ги чуваме Вашите податоци:

- Склучување на претплатнички договор – 10 години по раскинување на договорот ((за обезбедување на телефонска, интернет или ТВ услуга)
- Развој и одржување на апликации во врска со Нео ТВ – во времетраење на претплатничкиот договор
- Логови од апликации – 5 години од раскинување на договор
- Изготвување на месечни фактури за крајни корисници – 5 години од раскинување на договор
- Архивирање на влезна и излезна документација на НЕОТЕЛ - Согласно план за архивски знаци
- Задолжување на корисници со опрема за користење на услуга – 1 година по раздолжување на опрема
- Наплата на заостанати долгови – 3 години по завршување/затворање на постапката
- Инсталација и одржување на интернет услуга – Со престанок на договорот
- Реализација на услуга и лоцирање на корисник – 1 година по престанок на договорот
- Комуникација (преписка) со државни институции – 45 години по престанок на договорот

По истекот на горенаведените периоди, Вашите лични податоци ќе бидат трајно уништени.

## 7. Кои се Вашите права?

*Право на пристап* – имате право да добиете потврда за тоа дали се обработуваат вашите лични податоци, како и да добиете пристап до вашите лични податоци и дополнителни информации кои се однесуваат на обработката на личните податоци.

*Право на исправка* - доколку сметате дека било кои лични податоци кои ги собираме се неточни или нецелосни, имате право да побарате и добиете исправка на неточните податоци или дополнување на нецелосните лични податоци.

*Право на бришење* – имате право да побарате да се избришат вашите лични податоци, а ние тоа барање ќе го прифатиме доколку личните податоци повеќе не се потребни за исполнување на целите, доколку приговорите на обработката и не успееме да докажеме дека нашиот легитимен интерес е поголем од вашите основни слободи и права, и доколку личните податоци се обработуваат незаконски.

*Право на повлекување на согласноста* – имате право да ја повлечете дадената согласнос во секое време, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена.

*Право на преносливост* – имате право да ги добиете вашите лични податоци во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што имате право да ги пренесете тие податоци на друг контролор. При остварување на правото на преносливост, вие имате право да добиете директен пренос на личните податоци од еден контролор на друг, ако тоа е технички возможно.

*Право на ограничување на обработката на вашите лични податоци* – имате право да побарате обработката да запре додека се утврдува точноста на податоците, додека се проверува дали легитимниот интерес преовладува над вашите основни права и слободи и слично.

Вашите права може бесплатно да ги остварите контактирајќи го нашиот офицер на следниот mail: ozlp@neotel.mk на телефонскиот број 02 55 11 157 или да ни се обратите лично во просториите на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, а ние ќе ви одговориме во рок од 30 дена.

Ако сè уште сметате дека Вашите лични податоци не се обработуваат во согласност со Законот, може да ја исконтактирате Агенцијата за заштита на личните податоци и да поднесете барање до нив.